КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (,,Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 19.10.2017 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со следните евидентни броеви: 108210, 108211, 108212 и 108308 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на ЕВН Македонија А.Д. Скопје, со адреса „ул. 11 Октомври бр.9“ Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви: 108210, 108211, 108212 и 108308 на ЕВН Македонија А.Д. Скопје, со адреса „ул. 11 Октомври бр.9“ Скопје.
На 16.10.2017 год. ЕВН Македонија А.Д. Скопје, со адреса „ул. 11 Октомври бр.9“ Скопје., достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број Уп1-бр.0802-1235.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-1235
Скопје, 20-10-2017

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii